**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 17,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Благој Зашов, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Благој Зашов:** Пратениците: Љубчо Георгиевски, Горан Мисовски, Хади Незири, Ќенан Хасипи, Данаил Дончев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Зумрете Јакупи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Хзбие Ибиши, Теута Арифи, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Есад Рахиќ и Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме наточката 5. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

За збор се јави господинот министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани дами и господа пратеници,

Законот за извршување е донесен во 2005 година, а отпочна да се применува од месец јуни и 2006 година. Значи, законот се применува некаде околу 1,5 година, и за тоа време можам да ви кажам дека овој реформски закон постигнува исклучителни резултати. Со примената на овој закон се постигнуваат исклучително добри и позитивни резултати.

Тргнувајќи од досегашната примена на законот, со оглед на искуствата што ги има во овој временски период од една ипол година, Министерството за правда подготви, а Владата усвои една обемна анализа за согледувањето на искустваа со примената на Законот и се дојде до одредени сознанија дека дел од одредбите од Законот треба да бидат на одреден начин доградени и треба да бидат доуредени, а измената на Законот се доклжи и на една одлука на Уставниот суд на Република Македонија со која се укина одредбата од членот 77 од Законот за извршување што се однесуваше до можноста за вложување на жалба по приговорот, што ќе биде донесен по одлуката на претседаелот на Основниот суд. Значи, се работи за еден реформски закон, за еден добар закон кој што постигнува ефективни резултати. Ова што сега ние го правиме како измена и дополнување, сакам уште нешто да ви кажам дека со законот се создава можност замениците на извршители не како досега еден извршител го заменува другиот извршител, туку замениците на извршители да ја вршат функцијата професионално. Тоа е една работа.

Втора работа, согласно правилникот кој што предвидуваше 69 за извршители во Република Македонија со одредени седишта, бројот е зголемен на 130 извршители и ако сметате гледате дека бројот е двојно зголемен, мислам на бројот на извршителите, бидејќи правецот по кој тргнавме се оценува како добар. Секако, мислам дека во огромниот број на предмети што се во судовите и што чекаат на извршување, очигледно ни даваат за право дас предвидиме и толкав број на извршители, но и седиштата на тие извршители и определувањето на заменици извршители кои професионално си ја вршат функцијата кај извршителот.

Предлагам да го разгледате законот и да го усвоите.

**Благој Зашов:** Благодарам господине министре.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување.

Јас би молел службите да констатираат дали имаме кворум за гласање.

Им благодарам на пратениците од опозицијата што останаа до крајот, за да можеме и овој закон да го донесеме.

Бидејќи, не се создадени услови за гласање, овде ја прекинувам оваа седница.

Ве молам, почитувани колеги, пред да заминете ве молам да се регистрирате на влезот од салата, како би можело да се изврши и таа обврска.

Утре продолжуваме со следна седница во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот)